**20191081423**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за следење на комуникациите,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 мај 2019 година.

Бр. 08-3050/1
22 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

Член 1

Во Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ број 71/18), во членот 4 во точката 7) зборовите: „Министерството за внатрешни работи - Управата за безбедност и контраразузнавање“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за национална безбедност“.

Член 2

Во членот 20 став (1) зборовите: „министерот за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „директорот на Агенцијата за национална безбедност“.

Член 3

Во членот 29 став (4) зборовите: „министерот за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „директорот на Агенцијата за национална безбедност“.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 септември 2019 година.